Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 6/19 и 29/19) Градоначалникот на општина Струмица, објавува

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВЕН ПОВИК

Се организира јавна анкета и јавна презентација на измена и дополнување на ДУП за дел од Урбан Блок 26, УЕ 9 во Струмица, со површина од 15824,05м$^2$ кој граничи:

- ул „Маршал Тито”,
- ул „Ристоман Попчевски”,
- ул. „11 ти Септември”

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи ,на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Јавна анкета ќе трае од 15.04.2022 година до 16.05.2022 година.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34., на ден 22.04.2022 година во 11:30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Бр.03-2168/4
25.03.2022год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов